# Интервју со градоначалникот на Општина Прилеп



**ООУ „Климент Охридски“ – Прилеп**

**Директор: Ахил Јаков**

**Ментор: Јулијана Талеска, наставничка по македонски јазик**

**Проектот го реализираа учениците од VI – 4:**

**Теодора Малкоска, Стефанија Наумческа, Христијан Талески, Лука Спасески, Давид Зероски и Филип Здравески**

**Особена благодарност за ученичката Теодора Малкоска, за нејзината посветеност, фокусираност и професионално сработена работа.**

*Во рамките на наставната програма по македонски јазик, учениците од шесто одделение реализираа проект: „Правиме интервју“. Целта на проектот беше да ги научат основните на интервјуирањето, како изгледа процесот и која потребната подготовка за едно добро интервју.*



*Четирите одделенија беа поделени во групи (вкупно 16) и секоја група направи по едно интервју. Интервјуирани беа: наставници, стручна служба, директорот, актери, спортисти... едно од нашите омилени интервјуа беше интервјуто со градоначалникот Борче Јовчески.*

**Се сеќавате ли на најубавиот спомен од Вашето детство?**



Имам многу спомени коишто ми оставиле голем впечаток, но можам да издвојам еден. Тогаш беше актуелен филмот со ,,Робин Худ", имаше и серија ,,Веселата дружина" и ние децата од моето маало направиме дружина. Иста како дружината на Робин Худ. Сакавме да го браниме маалото и луѓето во него. Се натпреварувавме кој има поинтересна стрела, собиравме пердуви од гулаби за да ги обликуваме копјата и поминувавме многу креативно време заедно.

**Кажете ни нешто за почетоците на Вашата кариера како доктор.**

Почетоци на мојата кариера датираат уште пред да се запишам во средното медицинско училиште, кое што тогаш беше во рамките на гимназија ,,Мирче Ацев". Јас уште од мал бев голем љубител на животни: кученца, маченца, птици. Мојот дом секогаш беше полн со домашни миленичиња. Знаев да помагам на животните и кога бев излезен надвор, во природа. Згрижував бездомни мачиња, птици со скршено крилце и секакви повреди кои можев да ги санирам.



**Дали некогаш мислевте дека ќе станете градоначалник?**

Не, морам да признам дека во и порано, но и во блиското минато не сум помислувал дека ќе дојдам до титула градоначалник. Тоа произлезе спонтано, само од себе, од тоа што моите пациенти во мојата професија како доктор ортопед ме насочуваа дека можам да им помагам, не само како доктор, туку и како градоначалник. Можам да се грижам за градот, за здравјето на неговите жители, хигиената, пристапноста и инфраструктурата. Од оваа позиција можам да направам многу.

**Зошто одлучивте да станете градоначалник?**

Одлучив бидејќи се почувствував веќе дека можам да одговорам на тој предизвик. Сакав да ја исполнам желбата на прилепчани, да бидам нивни градоначалник.



**Како се справувате со новите предизвици?**

Со оглед на тоа дека околу мене имам одличен тим и беспрекорна соработка, мислам дека одлично се соочуваме со сите предизвици. Делата може да го покажат тоа, ефектот е евидентен.

**Како Ви започнува еден работен ден?**

Работниот ден ми започнува со координативен состанок со потесниот круг на моите соработници и раководителите. И така го организираме тековниот ден вклучително  и тековната недела.

**Дали имате слободно време и како го поминувате?**

За жал не, немам слободно време. Самиот предизвик: градоначалник е голема одговорност и навистина ако може да се нарече слободно време, тогаш тоа е времето кое го поминувам на кафе со некој граѓанин или граѓанка, кој случајно или закажано ќе има потреба да разговара со мене за некој проблем.

**Која е Ваша омилена книга?**

Од многуте книги кои ми оставиле голем впечаток и добро мислење, како за книгата така и за авторот на книгата, јас би ја издвоил ,,Вероника реши да умре“ од Пауло Коељо.

**Дали имате хоби?**

Имам многу. Веројатно тоа хоби кое што ми се провлекува од детството го надоградувам и ме прави да бидам порешителен да одолеам на предизвикот. Тоа е одгледување растенија од нивно расејување, па сè до цвет.



**Што Ве прави среќен?**

Среќен ме прави кога ќе погледнам околу себе среќни лица. Лица кои станале среќни поради моето ангажирање. Без разлика на возраста, среќното опкружување ме прави најсреќен.

**Дали планирате да направите големи еко-акции во нашата општина?**

Да, и во мојата програма и во плановите за догледно време. Ние веќе започнавме со чистење на долгогодишните депонии. И тука не застануваме. На тие простори ќе се насади зеленило, нови дрвца. Градските паркови ќе бидат збогатени со нови зеленила. Сакаме да ја видиме прилепската околина со ново израснати шумски појаси, шумски зеленила.

**Какви се Вашите планови за иднината?**

Моите планови за иднина се Прилеп, конкретно нашата Општина да ја направиме една од најуспешните општини во Македонија. Да оствариме економски развој и да овозможиме повеќе работни места. Да им овозможиме на младите овде да ги остварат своите соништа. Да раснат и да се развиваат тука, да градат свои семејства во својот роден крај.

**Дали има нешто што би сакале да го кажете, а ние не Ве прашавме?**

Би сакал, да ви укажам... вие сте генерација која допрва галопира во животот, уште размислува за својата професијата и местото каде ќе продолжи со своите соништа... Изградете љубов кон Вашето родно место, кон Вашата Општина. Своето знаење, своите вештини употребете ги во својот град. Да го направиме овој град убаво место за живеење. Да останеме тука! Бидејќи како што рекле и старите „Каменот тежи онаму каде што му е местото"